Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, 18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден __.__.2022 година, донесе

**Одлука**
**за спроведување на стратегиска оцена**

1. За стратешкиот плански документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе" КО Мечкуевци, општина Свети Николе,** кој го донесува Министерство за транспорт и врски потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе" КО Мечкуевци, општина Свети Николе,** се определуваат: Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа Секретаријат за европски прашања, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Јавно препријатие за државни патишта ЗЕЛС, АДКОМ, МАСВА, Центар за развој на Источен плански регион, Центар за развој на Североисточен плански регион, Центар за развој на Вардарски плански регион, 18 општини – 6 од Североисточен плански регион (Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Старо Нагоричане, Куманово, Липково), 11 од Источен плански регион (Штип, Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица, Виница, Кочани, Зрновци, Чешиново – Облешево, Пробиштип, Карбинци) и 1 од Вардарски плански регион (Свети Николе), јавни комунални претпријатија во сите 18 општини, неформален сектор на собирачи на отпад, земјоделци/фармери. Дополнително засегнати страни ќе бидат професионалните асоцијации, стопанските заедници, граѓанските здруженија и невладиниот сектор.
3. За стратешкиот плански документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе" КО Мечкуевци, општина Свети Николе,** за чија изработка е одговорна "**Агенција за планирање на просторот**", а го донесува **Министерството за транспорт и врски,** донесувањето на стратешкиот плански документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе" КО Мечкуевци, општина Свети Николе** ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **сегашниот начин на управување со комуналниот отпад, проблемите со кои се соочуваат општините и комуналните претпријатија во управувањето со комуналниот отпад, влијанието врз животната средина (квалитет на воздух, нарушување на квалитет на почва, површински и подземни води, биодиверзитет), здравјето на луѓето, како и позитивните придобивки од реализацијата на урбанистичкиот проект изразени преку унапредување на управувањето со отпадот, подобрен квалитет на животна средина, намалување на влијанието врз климатските промени, одржлив развој на локалните самоуправи и подобрување на**

**социо – економската состојба на населението и неговата здравствена состојба.**

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Министерството за транспорт и врски** на следната адреса: **www.mtc.gov.mk**.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр.21-4268/1
Датум:08.07.2022
Место: Скопје

Име и презиме
Министер
Благој Бочварски